Врз основа на член 12 став 2 точка 18 од Статутот на Националната установа Конзерваторски центар – Скопје, а согласно член 2 став 4 од Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите од јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр.46/16), директорот на НУ Конзерваторски центар-Скопје донесе

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА КОНЗЕРВАТОРСКИ ЦЕНТАР-СКОПЈЕ
INSTITUCIONI NACIONAL QENDRA KONZERVATORE-SHKUP
Бр.-Nr. 02-194/3
18.02. 2022 год./viti
СКОПЈЕ-SHKUP

# УПАТСТВО

## За прием на пријави за заштитено внатрешно пријавување во НУ Конзерваторски центар-Скопје

**Член 1**

Со ова упатство се уредува начинот и постапката за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите и преземање мерки за обезбедување заштита на личните и други податоци кои се однесуваат на укажувачите и на пријави од укажувачи во Националната установа Конзерваторски центар – Скопје (во понатамошниот текст: установата).

**Член 2**

Заштитено внатрешно пријавување укажувачот врши во установата, ако има разумно сомневање или сознание дека е извршено, се извршува или е веројатно дека ќе се изврши казниво дело или друго незаконито или недозволено постапување со кое се повредува или загрозува јавниот интерес.

Укажувачот не е должен да ја докажува добрата намера и вистинитоста на пријавувањето од ставот (1) на овој член.

На укажувачот му се обезбедува заштита согласно закон и му се гарантира анонимност и доверливост до степен и момент до кои тој тоа бара.

**Член 3**

Укажувач може да биде лице кое:

- има засновано работен однос на неопределено или определено време во установата;
- е кандидат за вработување, кандидат за волонтер или практикант во установата;
- по било кој основ е или било ангажирано за извршување на работа во установата;
- по било кој основ е или било во деловен однос или друг однос на соработка со установата;
- користело или користи услуги на установата.

**Член 4**

Директорот на установата (во понатамошниот текст: директорот) назначува овластено лице за прием на пријави доставени заради заштитено внатрешно пријавување (во понатамошниот текст:овластено лице) на кое му е обезбедено независност и непреченост во работата.

Податоците на овластеното лице (име и презиме, работно место, телефонски број за контакт, поштенска адреса и електронска пошта за прием на пријави) се објавуваат на веб страницата на установата и се доставуваат до Државната комисија за спречување на корупција.

Овластеното лице, врши прием и заведување на пријавите од укажувачот, проценка на содржината на пријавата, известување до директорот, проследување на пријавата до службеното лице во установата кое е надлежно за постапување во областа по која се однесува пријавата, односно надлежната институција, изготвување на извештај за преземени мерки, како и други останати дејствија во согласност со ова упатство.

**Член 5**

Директорот, на овластеното лице, е должен да му обезбеди независност и непреченост во работата, соодветни технички и организациски мерки за безбедност на податоците, како и простор и опрема за работа согласно член 4 од Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор.

**Член 6**

Овластеното лице врши прием на пријави од укажувач, доставени заради заштитено внатрешно пријавување и тоа:

- во писмена форма (доставена или препорачано по пошта)
- по електронски пат (преку електронско сандаче)
- усно (со составување на записник)

**Член 7**

Доколку пријавата е доставена усно, овластеното лице составува записник во кој се содржани податоците од член 8 на ова упатство.

Записникот го потпишуваат укажувачот и овластеното лице, заради совпаѓање на податоците од усната пријава на укажувачот.

Записникот од став 1 на овој член се заведува во посебен деловодник како примена пријава, а по барање на укажувачот може да му биде доделена копија од записникот.

**Член 8**

Пријавата за заштитено внатрешно пријавување од укажувач, што се доставува во писмена форма содржи:

а) назив на органот каде се врши пријавувањето,
б) податоци за укажувачот
- име и презиме,
- категорија на лице кое согласно Законот за заштита на укажувачи може да се јави во својство на укажувач
- барање од укажувачот да остане доверлив и степен до кој тоа го бара,

в) податоци за лицето односно субјектот против кој укажувачот пријавува,
г) опис на незаконитото постапување
ѓ) предложени од укажувачот начин и форма на комуникација помеѓу овластеното лице и укажувачот,
е) прилози
ж) датум и место на прием на пријава.

**Член 9**

Доколку пријавата е доставена во електронска форма на носач на електронски запис, односно по електронски пат, овластеното лице го печати записот кој одговара на пријавата според содржината заедно со прилозите кои што се добиени во форма на електронски записи и ги заведува како примена пријава во посебен деловодник.

Доколку печатењето на прилозите од став 1 не е економично, овластеното лице може да ги зачува во електронска форма на посебен компјутер обезбеден со лозинка позната само нему.

Во случај кога овластеното лице ја проследува пријавата до друга надлежна институција или кога е потребно пренесување на приложените електронски записи заради постапување по пријавата, во случајот на ставот (3) на овој член, овластеното лице извршувајќи ги обврските и одговорностите во примена на обезбедените технички и организациски мерки за заштита на податоците во согласност со прописите со кои се уредува заштитата на личните податоци, електронските записи ги преснимува на носач на електронски запис кој го приложува кон пријавата.

**Член 10**

Овластеното лице истиот ден по приемот на пријавата ја заведува пријавата со сите прилози, составање посебен приемен штембил и евидентирање во посебниот деловодник.

Документите поврзани со заштитено внатрешно пријавување се чуваат заклучени во посебен орман во установата.

Овластеното лице ја разгледува и врши проценка на содржината на пријавата и постапува согласно закон.

**Член 11**

По вршењето на проценката доколку овластеното лице утврди дека примената пријава не претставува, односно не се однесува на пријава од укажувач, за истото веднаш во предметот става забелешка и ја евидентира во посебниот деловодник.

Овластеното лице задржува копија од оформениот преглед, а оригиналите (пријава и приложените документи), во рок 1 (еден) ден со допис ги доставува до писарницата на надлежната институција, за што без одлагање писмено го известува подносителот на пријавата, доколку е познат.

По доставување на дописот и евентуалното известување од став (3) на овој член, овластеното лице врши архивирање на предметот.

Во случај на пријавување на кривично дело, чие докажување е проследено со опасност на уништување на докази, или не може да се изврши без изказ на укажувачот, кој поради можната опасност да биде изложен на заплашување, закана, одмазда или опасност по животот, здравјето или слободата, не се согласува во својство на сведок да даде исказ, овластеното лице со прибавена писмена согласност од укажувачот, без одлагање доставува писмено барање до надлежните институции во согласност со овој член став (2).

**Член 12**

По приемот и заведување на пријавата овластеното лице без одлагање врши проценка на содржината на пријавата за да утврди дали истата е разумна и логична, дали претставува пријава од укажувач согласно законските прописи, како и дали содржи доволно елементи за да биде проследена за натамошно постапување.

Во вршењето на проценката од став (1) на овој член, овластеното лице може да побара дополнителни информации од укажувачот доколку е познат, како и да се консултира со други лица, а притоа да внимава на заштитата на идентитетот на укажувачот.

По извршувањето на проценката од став (1) на овој член овластеното лице во рок од 1 (еден) ден донесува заклучоци за понатамошно постапување по пријавата, кои се однесуваат на проследување на пријавата: со допис до службеното лице во установата, кое е надлежно за постапување во областа по која се однесува пријавата, откако претходно ќе ги издвои личните податоци и податоците кои можат да го откријат идентитетот на укажувачот, доколку истиот побарал да биде доверлив.

Службеното лице во установата по приемот на пријавата од овластеното лице, постапува по истата и презема мерки по наводите истакнати во пријавата.

Службеното лице во рок од 7 (седум) дена доставува извештај до овластеното лице, за преземените мерки и активности во врска со пријавата.

Овластеното лице без одлагање, а најдоцна во рок од 15 (петнаесет) дена од приемот на пријавата доставена од подносителот, со допис го известува подносителот на пријавата доколку е познат или го известува овластеното лице од друга институција кое ја проследило пријавата до установата за преземените мерки и дејствија.

Овластеното лице на барање на укажувачот го известува за текот и дејствијата кои се преземени во постапувањето по пријавата и му овозможува на укажувачот да изврши увид во списите на предметот оформен врз основа на неговата пријава во согласност со закон.

Доколку овозможувањето на увидот од став (7) на овој член, односно пристапот до информациите во врска со постапувањето по пријавата може да има штетни последици за текот на постапката, овластеното лице ги одделува тие информации и за тоа го известува укажувачот и му овозможува увид во останатиот дел во содржината на известувањето, односно во останатиот дел на списите на предметот.

**Член 13**

За наводите од содржината на пријавата и заклучоците од член 12 од ова упатство, овластеното лице без одлагање го известува директорот на установата, со писмено известување потпишано и заверено од овластеното лице.

Доколку пријавата е насочена против директорот на установата, овластеното лице во рок од 1 (еден) ден подготвува допис со кој пријавата и приложените документи ги проследува до надлежните институции согласно закон, за што без одлагање писмено го известува подносителот на пријавата доколку е познат.

**Член 14**

Директорот на установата обезбедува и применува соодветни технички и организациски мерки за заштита на личните податоци и други податоци на укажувачот од незаконско или случајно уништување, губење, преправање, неовластено откривање или пристап, особено кога обработката вклучува пренос на податоци преку мрежа, согласно прописите за заштита на личните податоци.

Овластеното лице потпишува изјава за неоткривање на личните податоци, во согласност со прописите за заштита на личните податоци

Се забранува откривање или овозможување откривање на идентитет на укажувач без негова согласност, освен кога тоа се бара по судска одлука кога е неопходно потребно за водење на постапка пред надлежен суд.

Овластеното лице е должно да ги заштити податоците за укажувачот, односно податоците врз основа на кои може да се открие идентитетот на укажувачот, освен ако укажувачот се согласи на откривање на тие податоци, а во согласност со закон со кој се уредува заштитата на личните податоци.

Овластеното лице е должно во текот на примањето на информациите да го извести укажувачот дека неговиот идентитет може да биде откриен на надлежен орган, доколку без откривањето на идентитетот не би било можно да се постапува пред тие органи, како и да го извести за мерките за заштита на учесникот во кривичната постапка.

**Член 15**

На укажувачот и на нему блиско лице им се обезбедува заштита од било каков вид на повреда на право или штетно дејствие или опасност од настанување на штетни дејствија заради извршено заштитено внатрешно пријавување согласно закон и му се гарантира анонимност и доверливост до степен и момент до кои тој тоа го бара.

Заштитата од ставот (1) на овој член се обезбедува од страна на установата со преземање дејствија да се спречи повреда на правата од работен однос или на кое било право и воздржување од дејствија со кои се повредува или загрозува било кое право на укажувачот заради извршено пријавување.

Доколку не е обезбедена заштита од ставот (2) на овој член, укажувачот пријавува до надлежни органи согласно закон.

Овластеното лице ќе го упати укажувачот на надворешно пријавување и кога без сопствена вина, е спречен веднаш, без одлагање да презема мерки во врска со пријавата и за отстранување на штетните последици по укажувачот или по негово блиско лице согласно Законот за заштита на укажувачите и ова упатство.

**Член 16**

Укажувачот има право на надомест на штета што може да ја претрпи тој или нему блиски лица поради заштитено внатрешно пријавување.

Барањето на надомест на штета од став (1) на овој член се остварува со поднесување на тужба до надлежен суд.

**Член 17**

Злоупотреба на пријавување на укажувачот е свесно пријавување невистинити информации за физичко или правно лице со цел предизвикување на штетни последици за истото.

Злоупотреба на пријавувањето на укажувачот е и доколку со должно внимание и совесно, до степен до кој тоа го дозволуваат околностите, не проверил дали тие информации се точни и веродостојни.

Со утврдување на злоупотребата од ставовите (1) и (2) на овој член се губи заштитата обезбедена согласно закон.

Злоупотребата на пријавувањето на укажувачот поради која настанале штетни последици за физичкото или правно лице, е основ за поведување на постапка за утврдување на негова одговорност согласно со закон.

**Член 18**

Во согласност со член 13 од Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор, овластеното лице изготвува полугодишен извештај за примени пријави од укажувачи, кој содржи општи статистички податоци и податоци за оформени предмети по примени пријави.

Извештајот од став (1) на овиј член овластеното лице го доставува до Државната комисија за спречување на корупцијата.

**Член 19**

Ова упатство влегува во сила во рок од осум дена од денот на објавувањето на огласна табла на установата и ќе биде јавно достапно преку објава на веб страната на установата.

**Директор**
**Коле Чапкановски**